Архивски број: 08-90/8
04-09-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-90/1 од 16.1.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted], против [redacted], државен просветен инспектор, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 04.09.2024 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичка припадност сторена од страна на [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 16.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted] државен просветен инспектор во Државен просветен инспекторат ("ДПИ"), за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Според наводите од претставката, при вонреден инспекциски надзор по претставка до ДПИ за нереализирана наставна програма во учебната 2022/2023 година во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"- Битола, државниот просветен инспектор [redacted] на ден 19.9.2023 година изрекол прекршочен налог за нереализирана наставна програма само на [redacted] подносителката на претставката, и уште еден нејзин колега. Подносителката вели дека самото изрекување не е основано, но основот кој инспекторот го земал се јавува и кај други колеги на кои не им е изречен прекршочен платен налог.

Имено, подносителката била санкционирана за реализирани 105 наставни часови, а истиот број на часови го имала и колешката [redacted] но таа не била санкционирана. Исто така, во друг клас биле заведени дури 4 часови како да се одржани во исто време, што подносителката смета дека е материјален доказ дека тоа не е реален фонд на часови кај одредени колеги. Нагласува дека бараниот фонд на часови од страна на инспекторот во скратена наставна година со 177 наставни денови од Министерството за образование и наука, наместо 180 денови (вклучително два дена со посебна програма екскурзија и патрон празник) се нереални и никако по тој основ

не требало да биде санкционирано. Дополнително доколку инспекторот сметал дека треба да изрече мерки, таа наведува дека дефинитивно тоа требало да го направи и за сите други колеги кои на било кој начин и од било кои причини не го оствариле годишниот наставен фонд. Наместо тоа, тој не постапил еднакво кон сите наставници, туку казнил само двајца, со што постапил селективно и дискриминирачки. Дотолку повеќе, тој постапил и спротивно на член 109 и 109-а од Законот за средно образование, каде е пропишано дека доколку наставникот не ја реализирал годишната наставна програма, глоба во износ од 1000 до 4000 евра му се изрекува и на училиштето и на директорот.

На записникот врз основа на кој инспекторот ги изрекол прекршочните платни налози, како и на самите платни налози, подносителката поднела и жалба до Инспекцискиот совет, кој во целост ги прифатил наводите во нејзината жалба и утврдил постапување на инспекторот кое е спротивно на Законот за инспекциски надзор и му предложил на ДПИ да поведе дисциплинска постапка против него.

Во однос на наведената дискриминаторска основа, подносителката смета дека дискриминацијата има политичка позадина заради тоа што само таа, како претходен градоначалник на Општина Битола, и колегата кој бил директор назначен од нејзина страна, биле казнети.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

- Записник за извршен инспекциски надзор бр. ИП1 09-97 од 11.9.2023 година;
- Извадоци од електронски дневник за седмицата од 5.6.2023 до 11.6.2023 година;
- Календар за изменување на Календарот за организација на учебната 2022/2023 година во јавните средни училишта бр. 08-329/3 од 12.1.2023 година;
- Одговор на претставка од Инспекциски совет бр. УПП16-336/2023 од 9.11.2023 година;
- Извадок од Законот за инспекциски надзор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.1.2024 година испрати Известување бр. 08-90/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] во Државниот просветен инспекторат.

На ден 14.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување бр. 08-136/2 од 6.2.2024 година од страна на ДПИ како одговор на претставката, заведено под наш бр. 08-90/3. Дополнително беше доставен и одговор бр. 09-5/2 од 5.2.2024 година од страна на [redacted]

Од ДПИ информираат дека по доставена претставка од страна на В.Р. на ден 11.9.2023 година е извршен вонреден инспекциски надзор во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола, при што е составен Записник Ип1 09-97 во кој биле утврдени неправилности во однос неостварување на годишниот фонд на наставни часови на [redacted]
Во прилог доставуваат копии од:

- Претставка бр. 09-867 од 27.7.2024 година за нереализирана програма за работа во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола;
- Задолжение бр. 09-867 од 9.8.2023 година за вршење на вонреден инспекциски надзор во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола по изнесените наводи во претставката;
- Записник бр. ИП1 09-97 од 11.9.2023 година за извршен вонреден инспекциски надзор во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"-Битола;
- Произнесување бр. 09-5 од 5.2.2024 година до Комисија за спречување и заштита од дискриминација по наводи од претставката, од страна на инспекторот кој постапувал по предметот;
- Друга документација која инспекторот ја земал предвид при постапувањето.

[redacted] во неговиот Одговор бр. 09-5/2 од 5.2.2024 година првенствено наведува дека наводите во претставката дадени од страна на [redacted] се целосно невистинити и неосновани и како такви ги отфрла во целост.

Имено, вонредниот инспекциски надзор кој подносителката го посочува во претставката се спровел по налог од В.Д. директорот на ДПИ за постапување по сите наводи кои се во надлежност на ДПИ, дадени во претставка од [redacted] вработен како наставник во училиштето, а во однос на нереализирани наставни планови и програми од страна на 36 наставници, кои не ги надоместиле часовите кои не ги одржале во деновите кога отсуствувале од работа и со тоа сториле прекршок по член 109-а став 3 од Законот за средното образование.

Врз основа на член 66 став 2 од Законот за инспекциски надзор, пред спроведување на надзорот истиот го испланирал, односно од увидот во табеларниот преглед на отсутни наставници и денови кога отсуствувале и од увидот на фотографираните ливчиња за отсутни наставници и денови кога отсуствувале, утврдил дека наводите се однесуваат на 36 наставници кои не одржале вкупно 394 наставни часови, по вкупно 58 наставни предмети и класен час, во 38 класа. За време на надзорот, покрај увидот во електронските дневници на 38 класа, се разговарало и со 35 наставници, од вкупно 36 наведени во претставката. Подносителката на претставката одбила да даде објаснување во однос на ненадоместување или неодржување на часовите кои не ги одржала во деновите кога отсуствувала од работа. Дополнително, од сите 36 наставници наведени во претставката, вклучително и од неа, било побарано да дадат пишани изјави во кои денови на кој час ги надоместиле неодржаните часови, но подносителката во нејзината пишана изјава не дала објаснување во однос на неодржаните часови. Податоците за надоместените неодржани часови биле внесени во табела и се утврдило дека нема наставници кои во иста паралелка во ист ден и на ист час надоместиле неодржан час.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, утврдена во Записник бр. ИП1 09-97 од 11.9.2023 година, било констатирано дека двајца наставници, [redacted] и [redacted] оствариле еден час помалку од годишниот фонд на часови утврден со наставните планови и програми, а пресметан со Календарот за организација на учебната 2022/2023 година во јавните средни училишта, со што сториле прекршок по

член 109-а став 3 од Законот за средното образование и врз основа на член 109-в став 3 на сторителите на прекршокот им бил издаден прекршочен платен налог.

Согласно задолжението на В.Д. директорот на ДПИ за постапување по наводите дадени во претставката од [redacted] надзорот се спровел и фактичката состојба се утврдила само во однос на наставниците за кои [redacted] дал навод дека не ги надоместиле неодржаните часови и само во однос на наставните предмети и во паралелките каде тие наставници наводно не ги надоместиле неодржаните часови. Инспекторот наведува дека секое негово постапување надвор од тие наводи ќе претставувало грубо кршење на задолжението од В.Д. директорот и пречекорување на неговите овластувања.

Во однос на наводите на подносителката на претставката дека не биле казнети наставници кои имале остварено ист број на часови како неа, инспекторот изјавува дека најодговорно тврди дека на надзорот било утврдено и констатирано дека освен [redacted] останатите 34 наставници го оствариле годишниот фонд на часови по предметите и во паралелките каде поради отсуство не одржале часови. Доколкку пак, во училиштето има наставници кои наводно оствариле ист годишен фонд на часови како и подносителката, тој повторно најодговорно тврди дека не бил предмет на надзор остварувањето на годишниот фонд на часови од нивна страна по предмети и во паралелки за кои таа дава наводи.

Поради прибирање на потребните информации во врска со наводите од претставката, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 7.3.2024 година испрати Барање за информации бр. 08-90/4 до Инспекцискиот совет.

Бидејќи како еден од доказите во постапката пред Комисијата се јавува Одговор со арх. број УПП16-336/2023 од 9.11.2023 година на Инспекцискиот совет, кој се однесува на претставката поднесена од страна на [redacted] до Советот, а во врска со можни неправилности во работењето на државниот просветен инспектор [redacted] кој постапувал по предметот ИП1 бр. 09-97 од 11.9.2023 година, Комисијата побара да бидат доставени информации во врска со донесениот заклучок со кој Советот утврдил дека наводите од претставката поднесена до Советот се основани, како и да бидат доставени на запознавање доказите од предметот. Исто така, беше побарана информација дали надлежниот член на Советот предложил соодветна постапка.

На ден 25.4.2024 година до Комисијата пристигна Известување бр. УПП 16-336/2023 од Инспекцискиот совет како одговор на Барањето за информации.

Известуваат дека до Инспекцискиот совет на ден 21.8.2023 година од страна на лицето [redacted] од Битола била доставена претставка заведена во Советот под бр. УПП16-273/2023, во која била изнесени наводи за можни неправилности во работењето на Државниот просветен инспектор [redacted] кој постапувал по предметот ИП1 бр. 09-97 од 18.8.2023 година. Дополнително, од страна на Кабинетот на заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење била проследена на надлежност и

натамошно постапување на Инспекцискиот совет идентична претставка испратена до нив од страна на лицето [redacted] од Битола. Воедно, до Инспекцискиот совет од страна на лицето [redacted] на ден 2.10.2023 година била испратена претставка заведена во Советот под бр. УПП16-336/2023, во која повторно биле изнесени наводи за можни неправилности во постапувањето на Државниот просветен инспектор [redacted] кој постапувал по предметот ИП1 бр. 09-97 од 11.9.2023 година. Со оглед на фактот дека станувало збор за ист Записник бр. ИП1 бр. 09-97 по кој постапувал Државниот просветен инспектор [redacted] Инспекцискиот совет поднесените претставки од страна на лицата [redacted] ги споил во ист предмет.

Оттука, Инспекцискиот совет на 329-та редовна седница одржана на 9.11.2023 година ја разгледал претставката и од севкупна анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето било утврдено дека наводите од претставката се основани, при што истата се смета за затворена.

Во тој контекст, а согласно член 18 став 1 точка 21 од Законот за инспекциски надзор и согласно Заклучоците од 330-та редовна седница одржана на 16.11.2023 година, Инспекцискиот совет до Државниот просветен инспекторат доставил иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап против Државниот просветен инспектор [redacted]

Од страна на Државниот просветен инспекторат, во однос на доставената Иницијатива од страна на Инспекцискиот совет за утврдување на дисциплински престап против Државниот просветен инспектор [redacted], до Советот на ден 10.1.2024 година било доставено Известување од спроведена дисциплинска постапка за која биле известени дека од страна на Комисијата за водење дисциплинска постапка за дисциплински престап до В.Д. директорот на ДПИ бил доставен предлог Решение за отфрлање на Предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против Државниот просветен инспектор [redacted], по што В.Д. директорот донел Решение со кое го потврдил горенаведениот предлог.

Оттука, поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.6.2024 година испрати Барање за информации бр. 08-90/6 до Министерството за образование и наука- Одделение за аналитика и истражување на развојни образовни политики, со кое беше побарана информација во врска со реализираниот фонд на часови на наставниците во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"- Битола во учебната 2022/2023 година. Поточно, беше побарана информација колку од вкупниот број наставници, и кои, не го реализирале годишниот фонд на часови утврден со наставните планови и програми за таа учебна година, а колку од нив го реализирале во целост.

И по истек на законскиот рок за доставување на информацијата, а до носењето на ова Мислење, не беше пристигнат одговор од страна на Министерството за образование и наука.

На ден 20.8.2024 година подносителката достави Дополнување на претставката, заведено под бр. 08-90/7, со кое достави конечна пресуда на Апелационен суд Битола ПРКЖ-308/24 од 8.7.2024 година.
Видно од пресудата, жалбата на подносителот на барањето за поведување на прекршочната постапка- Државен просветен инспекторат П. К. Прилеп се одбива како неоснована, додека пресудата на Основен суд Битола, ПРК-О-305/23 од 6.2.2024 година се потврдува. Основниот суд Битола со гореспоменатата пресуда ја ослободил од одговорност [redacted] за прекршокот од член 109-а став 3 во врска со член 109 став 1 алинеја 5 од Законот за средно образование бидејќи таа не го сторила прекршокот.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по неа, севкупно приложените докази и прибавените информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 11.9.2023 година бил извршен вонреден инспекциски надзор по претставка до ДПИ за нереализирана наставна програма во учебната 2022/2023 година во СОТУ „Ѓорѓи Наумов"- Битола, во врска со што државниот просветен инспектор [redacted] на ден 19.9.2023 година изрекол прекршочен налог за нереализирана наставна програма на наставниците [redacted] подносителка на претставката, и [redacted]
Подносителката поднела претставка до Инспекцискиот совет, изнесувајќи наводи за можни неправилности во постапувањето на државниот просветен инспектор [redacted] по предметот ИП1 бр. 09-97 од 11.9.2023 година. Инспекцискиот совет на седница одржана на 9.11.2023 година утврдил дека наводите од претставката се основани, по што поднел иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап против државниот просветен инспектор [redacted] до ДПИ. Од страна на ДПИ во однос на доставената иницијатива било донесено Решение за отфрлање на Предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Подносителката повела и тужба пред надлежен суд, по што Основниот суд Битола со Пресуда ПРК-О-305/23 од 6.2.2024 година ја ослободил од одговорност бидејќи утврдил дека таа не го сторила прекршокот за кој се товари со барањето за поведување на прекршочна постапка, бидејќи во целост го остварила годишниот фонд на наставни часови по предметот [redacted] предвиден со наставните планови и програми, а пресметан со календарот за организација на работата во средните училишта во учебната 2022/2023 година. Во оваа насока, имајќи го предвид писменото укажување по е-мејл со наслов „Потсетување за електронски дневник" испратено од помошник директорот на СОТУ „Ѓорѓи Наумов"- Битола до сите наставници во училиштето, со кое ги потсетува дека фондот на часови треба да биде предвидениот, намален за минус еден неделен фонд на часови, а со оглед на фактот што [redacted] остварила

105 од предвидени 106 наставни часа, таа во целост го остварила годишниот фонд на часови.
Оваа пресуда била понатаму потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Битола ПРКЖ-308/24 од 8.7.2024 година.

Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата како:
„*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
„*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*".

Во конкретниот случај, подносителката на претставката, покрај нејзиниот колега наставник [redacted] била единствена на која ѝ бил изречен прекршок од член 109-а став 3 во врска со член 109 став 1 алинеја 5 од Законот за средно образование поради неисполнување на годишниот фонд на часови. Притоа, кај останатите 34 наставници чие реализирање на годишниот фонд на часови во учебната 2022/2023 година било предмет на вонредниот инспекциски надзор, било констатирано целосно реализирање. Во оваа насока, иако и [redacted] во целост го исполнила фондот на часови по предметот [redacted] за таа учебна година, нешто што е подоцна потврдено и со Пресуда на Основниот суд Битола со Пресуда ПРК-О-305/23 од 6.2.2024 година и Пресуда на Апелациониот суд Битола ПРКЖ-308/24 од 8.7.2024 година, таа била третирана поразлично од останатите колеги и на нејзе ѝ бил изречен прекршок согласно член 109-а став 3 во врска со член 109 став 1 алинеја 5 од Законот за средно образование. Во оваа смисла компаратори во однос на кои се цени нејзиниот третман од страна на државниот просветен инспектор [redacted] се останатите наставници кои исто така биле предмет на инспекцискиот надзор.

Во однос на дискриминаторската основа, Комисијата го зема предвид фактот дека станува збор за поранешна градоначалничка, која доаѓа од редовите на политичка партија со која и се поврзува, додека компараторите ја немаат таа лична карактеристика, со што се воспоставува каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа- политичка припадност и изрекувањето на прекршокот од страна на државниот просветен инспектор [redacted]

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дискриминација од страна на државниот просветен инспектор [redacted] кон [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] да се воздржи од понатамошни дејства на дискриминација.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
04.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]